**Известување за концентрација со која Фолксваген Акциенгезелшафт Волфсбург, Германија и Николаус (БЦ) Бидко ГмбХ Франкфурт на Мајна, Сојузна Република Германија ќе стекнат заедничка контрола над Еверленс СЕ Аугсбург, Сојузна Република Германија**
**(предмет бр. 08-110/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 05.06.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која **Фолксваген Акциенгезелшафт (Volkswagen Aktiengesellschaft)**, акционерско друштво, со регистрирано седиште на Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија и **Николаус (БЦ) Бидко ГмбХ (Nikolaus (BC) Bidco GmbH)**, друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на Ешерсхајмер Ландштрасе 50-54, ц/о Апекс Корпорејт Продуктс (Германија), 60322 Франкфурт на Мајна, Сојузна Република Германија ќе стекнат заедничка контрола над друштвото **Еверленс СЕ (Everllence SE)**, Европско јавно друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на Штатбахштрасе 1, 86153 Аугсбург, Сојузна Република Германија.

## Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

**Фолксваген Акциенгезелшафт** е германски производител на автомобили и владејачко друштво на Фолксваген групацијата („Фолксваген групација“).

Фолксваген групацијата е активна на светско ниво, вклучително и во сите земји членки на ЕУ, претежно во развојот, производството, маркетингот и продажбата на патнички автомобили, лесни комерцијални возила, камиони, автобуси, туристички автобуси, шасии за автобуси и дизел мотори, мотоцикли, секој вклучувајќи резервни делови и додатоци. Фолксваген групацијата е активна и во дистрибуција на возила. Фолксваген групацијата ги вклучува брендовите за моторни возила Фолксваген (Volkswagen), Фолксваген Комерцијални Возила (Volkswagen Commercial Vehicles), Порше (Porsche), Ауди (Audi), Шкода (Škoda), Бентли (Bentley), Ламборгини (Lamborghini), СЕАТ (SEAT), Купра (Cupra), МАН (MAN), Сканиа (Scania) и Дукати (Ducati).

Дополнително, Фолксваген групацијата обезбедува и (i) финансиски услуги и услуги за осигурување поврзани со дистрибуција и финансирање на своите автомобили и комерцијални возила и (ii) енергетски решенија и решенија за полнење за своите потрошувачи во рамките на своите активности во областа на електро мобилноста.

Фолксваген групацијата е присутна во Северна Македонија преку следните зависни друштва:

- Порше Лизинг ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје и приоритетна дејност 64.910 – Финансиски лизинг,
- Порше Брокер АД Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје и приоритетна дејност 66.220 – Дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници,
- Сканиа Македонија ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. 34 бр. 7 Илинден, Скопје и приоритетна дејност 46.710 – Трговија на големо со моторни возила, и
- Порше Македонија ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 4, Скопје и приоритетна дејност 46.710 – Трговија на големо со моторни возила, Скопје.

Приоритетните дејности на овие друштва во Северна Македонија се претежно трговија со моторни возила и финансиски лизинг.

**Николаус (БЦ) Бидко ГмбХ** е друштво за посебна намена основано за потребите на Предложената трансакција и не врши дејности во Северна Македонија.

**Николаус (БЦ) Бидко ГмбХ** е контролирано од фондови со кои управува и/или кои ги советува Баин Капитал. Баин Капитал е приватна инвестициска компанија со регистрирано седиште во Бостон, САД која инвестира во друштва од повеќе индустриски сектори, вклучително и информатичка технологија, здравство, трговија на мало и производи за широка потрошувачка, комуникации, финансиски услуги, како и индустриско производство и преработувачка индустрија.

**Еверленс** СЕ (поранешен назив: МАН Енерџи Солушнс СЕ), со седиште во Аугсбург (Германија), е инженерско друштво кое работи на глобално ниво и е специјализирано за погонски и енергетски решенија за поморскиот, енергетскиот и индустрискиот сектор. Друштвото развива и произведува мотори, турбомашини и погонски системи, со посебен фокус на технологии за декарбонизација и решенија за подобрување на енергетската ефикасност. Исто така, Еверленс обезбедува услуги во текот на целиот животен циклус на своите производи, вклучително и одржување и оптимизација на нивните перформанси, преку својата глобална сервисна мрежа. Еверленс и неговите контролирани зависни друштва, во понатамошниот текст, заеднички се означуваат како „Еверленс групација“.

Во јуни 2025 година, МАН Енерџи Солушнс СЕ официјално го промени својот назив во Еверленс СЕ. Еверленс СЕ е индиректно зависно друштво во целосна сопственост на Фолксваген и е дел од Фолксваген групацијата.

Еверленс нема зависни друштва основани во Република Северна Македонија и не остварува било каков промет во република Северна Македонија.

Според подносителите на известувањето релевантни пазар на стоки, на кои се однесува концентрацијата се: ***пазарот на производство и снабдување со мотори; пазарот на производство и снабдување со генератори за производство на електрична енергија; пазарот на производство и снабдување со турбополначи; пазарот на производство и снабдување со турбомашини; и пазарот на постпродажни услуги и поврзани технички услуги за индустриска и поморска опрема, вклучително и турбомашини***.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

20.07.2026 година
Скопје